РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 16 - 12/3
6 11 201 1 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 3. седница одржана на 31.10.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитираат специјалистичките студии од вториот циклус едногодишни студиски програми по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје**

1. Се акредитираат студиските програми од вториот циклус специјалистички студии по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за вториот циклус специјалистички студии по **Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија, на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје**, во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со научниот степен:

**Специјалист за менаџирање на стратегиски комуникации**, научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, научна област: комуникации и мас-медиуми, научно поле: политички науки и

**Специјалист за менаџирање на медиуми и мултимедија,** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, област: теорија на новинарство и системи на информирање.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје, по претходно донесената одлука за усвојување на студиската програма од Наставничкиот совет на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста

за давање согласност за организирање на втор циклус специјалистички студии, како и Одлуката за учество на наставниот кадар во реализацијата на студиската програма , поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.16-12/1 од 06.06.2011 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус специјалистички студии, студиска програма по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија.

Одборот за акредитација на својата 1. седница одржана на 29.07.2011 година формира експертска комисија и на 3. седница одржана на 31.10.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**